Врз основа членот 2 ставот 15 од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19), Правилникот за програмата за полагање на стручниот испит на наставник - приправник и стручен соработник - приправник и за начинот на спроведувањето на стручниот испит („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 121/20), в. в. со членот 6 и членот 21 потточка 4.1 од Правилникот за начинот, постапката и критериумите за избор на надворешни соработници и утврдување на висината на авторските надоместоци и надоместоците за други услуги на Државниот испитен центар бр. 01-440/3 од 28.12.2022 година, в. д. директорот на Државниот испитен центар, донесе:

# КОНКУРС

### *за избор на претседатели и заменици-претседатели на стручните комисии*

Државниот испитен центар распишува Конкурс за избор на надворешни соработници – претседатели и заменици-претседатели на стручните комисии за спроведување на приправничкиот испит за наставници и стручни соработници од основните и средните училишта, и тоа за:

1. МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК и МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА – *еден надворешен соработник на македонски наставен јазик.*
2. АЛБАНСКИ ЈАЗИК и АЛБАНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА – *двајца надворешни соработници на албански наставен јазик.*
3. ТУРСКИ ЈАЗИК и ТУРСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА – *двајца надворешни соработници на турски наставен јазик.*
4. СРПСКИ, РОМСКИ, БОСАНСКИ, ВЛАШКИ ЈАЗИК И КУЛТУРА – *двајца надворешни соработници на српски/ромски/босански или влашки наставен јазик.*
5. ОДДЕЛЕНСКИ НАСТАВНИЦИ НА ТУРСКИ ЈАЗИК – *двајца надворешни соработници на турски наставен јазик.*
6. ИНФОРМАТИКА – *еден надворешен соработник на албански наставен јазик.*
7. ФИЗИКА – *двајца надворешни соработници (еден на македонски наставен јазик и еден на албански наставен јазик).*
8. ХЕМИЈА и ПРИРОДНИ НАУКИ – *двајца надворешни соработници (еден на македонски наставен јазик и еден на албански наставен јазик).*
9. БИОЛОГИЈА – *двајца надворешни соработници (еден на македонски наставен јазик и еден на албански наставен јазик).*
10. ГЕОГРАФИЈА – *двајца надворешни соработници (еден на македонски наставен јазик и еден на албански наставен јазик).*
11. ИСТОРИЈА – *еден надворешен соработник на албански наставен јазик.*
12. СОЦИОЛОГИЈА, СОЦИОЛОЗИ, СОЦИЈАЛНИ РАБОТНИЦИ, ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ и ГРАЃАНСКА КУЛТУРА – *двајца надворешни соработници (еден на македонски наставен јазик и еден на албански наставен јазик).*
13. ЗАПОЗНАВАЊЕ НА РЕЛИГИИТЕ, ЕТИКА НА РЕЛИГИИ, ЕТИКА и МИР И ТОЛЕРАНЦИЈА – *еден надворешен соработник на албански наставен јазик.*
14. ФИЛОЗОФИЈА, ЛОГИКА, ЕСТЕТИКА – *еден надворешен соработник на албански наставен јазик.*
15. КЛАСИЧНА КУЛТУРА НА ЕВРОПСКАТА ЦИВИЛИЗАЦИЈА и ЛАТИНСКИ ЈАЗИК – *двајца надворешни соработници (еден на македонски наставен јазик и еден на албански наставен јазик).*
16. АНГЛИСКИ ЈАЗИК – *еден надворешен соработник на албански наставен јазик.*
17. ИТАЛИЈАНСКИ ЈАЗИК – *двајца надворешни соработници на македонски наставен јазик.*

18. ФРАНЦУСКИ ЈАЗИК – *двајца надворешни соработници (еден на македонски наставен јазик и еден на албански наставен јазик).*
19. ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК – *еден надворешен соработник на албански наставен јазик.*
20. РУСКИ ЈАЗИК – *двајца надворешни соработници на македонски наставен јазик.*
21. ФИЗИЧКО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ –*двајца надворешни соработници на албански наставен јазик.*
22. ТЕХНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ – *двајца надворешни соработници (еден на македонски наставен јазик и еден на албански наставен јазик).*
23. ЛИКОВНА УМЕТНОСТ, ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ и УМЕТНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ – ЛИКОВНА УМЕТНОСТ И ДИЗАЈН – *двајца надворешни соработници (еден на македонски наставен јазик и еден на албански наставен јазик).*
24. МУЗИЧКА УМЕТНОСТ, МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, УМЕТНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ – МУЗИЧКА И БАЛЕТСКА УМЕТНОСТ – *двајца надворешни соработници (еден на македонски наставен јазик и еден на албански наставен јазик).*
25. ПСИХОЛОГИЈА и ПСИХОЛОЗИ – *двајца надворешни соработници (еден на македонски наставен јазик и еден на албански наставен јазик).*
26. ПЕДАГОГИЈА и ПЕДАГОЗИ – *еден надворешен соработник на албански наставен јазик.*
27. СПЕЦИЈАЛНИ ЕДУКАТОРИ (ДЕФЕКТОЛОЗИ, ЛОГОПЕДИ) – *еден надворешен соработник на албански наставен јазик.*
28. БИБЛИОТЕКАРИ – *двајца надворешни соработници (еден на македонски наставен јазик и еден на албански наставен јазик).*
29. СТРУКА/СЕКТОР: ЗДРАВСТВЕНА/ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА и УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ – *двајца надворешни соработници (еден на македонски наставен јазик и еден на албански наставен јазик).*
30. СТРУКА/СЕКТОР: ШУМАРСКО-ДРВОПРЕРАБОТУВАЧКА/ШУМАРСТВО И ОБРАБОТКА НА ДРВО – *двајца надворешни соработници на македонски наставен јазик.*
31. СТРУКА/СЕКТОР: УГОСТИТЕЛСКО-ТУРИСТИЧКА/УГОСТИТЕЛСТВО И ТУРИЗАМ – *двајца надворешни соработници (еден на македонски наставен јазик и еден на албански наставен јазик).*
32. СТРУКА/СЕКТОР: ЗЕМЈОДЕЛСКО-ВЕТЕРИНАРНА/ЗЕМЈОДЕЛСТВО, РИБАРСТВО И ВЕТЕРИНАРСТВО – *двајца надворешни соработници (еден на македонски наставен јазик и еден на албански наставен јазик).*
33. СТРУКА/СЕКТОР: ХЕМИСКО-ТЕХНОЛОШКА/ХЕМИЈА И ТЕХНОЛОГИЈА – *еден надворешен соработник на албански наставен јазик.*
34. СТРУКА/СЕКТОР: ТЕКСТИЛНО-КОЖАРСКА/ТЕКСТИЛ, КОЖА И СЛИЧНИ ПРОИЗВОДИ – *двајца надворешни соработници (еден на македонски наставен јазик и еден на албански наставен јазик).*
35. СТРУКА/СЕКТОР: ГЕОЛОШКО-РУДАРСКА И МЕТАЛУРШКА/ГЕОЛОГИЈА, РУДАРСТВО И МЕТАЛУРГИЈА – *двајца надворешни соработници на македонски наставен јазик.*
36. СТРУКА/СЕКТОР: СООБРАЌАЈНА/СООБРАЌАЈ, ТРАНСПОРТ И СКЛАДИРАЊЕ – *двајца надворешни соработници (еден на македонски наставен јазик и еден на албански наставен јазик).*
37. СТРУКА/СЕКТОР: МАШИНСКА/МАШИНСТВО – *двајца надворешни соработници (еден на македонски наставен јазик и еден на албански наставен јазик).*
38. СТРУКА/СЕКТОР: ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКА/ЕЛЕКТРОТЕХНИКА – *еден надворешен соработник на албански наставен јазик.*
39. СТРУКА/СЕКТОР: ЕКОНОМСКА-ПРАВНА И ТРГОВСКА/ ЕКОНОМИЈА, ПРАВО И ТРГОВИЈА и ИНОВАЦИИ – *еден надворешен соработник на албански наставен јазик.*
40. СТРУКА/СЕКТОР: ГРАФИЧКА/ГРАФИЧАРСТВО – *двајца надворешни соработници на македонски наставен јазик.*

41. СТРУКА/СЕКТОР: ЛИЧНИ УСЛУГИ – *двајца надворешни соработници (еден на македонски наставен јазик и еден на албански наставен јазик).*

**Потребни квалификации:**
Кандидатите кои конкурираат за претседатели и заменици-претседатели на стручните комисии за спроведување на приправничкиот испит, треба да ги исполнуваат следните услови:

- да се државјани на Република Северна Македонија;
- да имаат завршено најмалку академски студии од прв циклус од соодветниот предмет, односно соодветната струка/сектор;
- да се од редот на наставниците од соодветниот наставен предмет/струка/сектор во основните/средните училишта во РСМ или да се од редот на стручните соработници во основните/средните училишта во РСМ;
- да имаат најмалку 7 години работен стаж во верифицирана воспитно-образовна установа и/или наставници од акредитирани високообразовни установи од соодветната област;
- да имаат искуство како ментор на приправник.

**Кандидатите потребно е да ги достават следните документи:**

- пријава (формулар поставен на веб-страницата на Државниот испитен центар);
- копија заверена на нотар од уверението/дипломата за соодветно високо образование;
- оригинал потврда за заснован редовен работен однос и соодветно работно искуство од најмалку 7 години како наставник/стручен соработник во воспитно-образовна дејност, издадена од основните/средните училишта во РСМ;
- доказ за реализирано менторство (решение за назначување за ментор и програма за поддршка на приправникот).

Државниот испитен центар ќе врши селекција според горенаведените критериуми, а кандидатите кои ќе влезат во вториот круг ќе бидат интервјуирани, по што ќе следи конечен избор.

Кандидатите кои ќе бидат избрани за претседатели и заменици-претседатели на стручните комисии за спроведување на приправничкиот испит за наставници и стручни соработници, ќе бидат ангажирани за период од ***две години***.

Заинтересираните кандидати можат да ги достават потребните документи **најдоцна до 16.2.2023 година**.

Ненавремената, невалидната и некомплетната документација, нема да се земе предвид.

Пријавата со потребната документација се доставува со препорачана поштенска пратка, на следнава адреса: *Државен испитен центар – Скопје ул. „Васил Ѓоргов“ б. б. 1000 Скопје,* со назнака з**а јавен конкурс за претседатели и заменици-претседатели на стручните комисии за спроведување на приправничкиот испит.**

**Дополнителни информации можат да се добијат на телефонскиот број 075/300-606, секој работен ден.**

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР